Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 14, став 1, точка 11, од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10) , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.11.2017 година донесе

# ПРОГРАМА
## За активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2018 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието,

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,

-Планирање на развојот на образованието,

-Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,

-Стимулирање на учениците за унапредување на нивните знаења

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2018 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции.

-Елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на образовно-хендикипирани лица.

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование.

III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства на Министерство за образование и наука, од донации и од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заентересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Министерство за образование | Сопствени приходи | Општина Крива Паланка | Др.извори и донации | Вкупно |
| 1. | Стипендии за талентирани ученици и студенти | септември | Општина Крива Паланка | | | 648.000 | | 648.000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| 2. | Субвенциониран превоз на студенти | октомври | Општина Крива Паланка | | | 150.000 | | 150.000 |
| 3. | Прием на првачиња во основните училишта | септември | Општина Крива Паланка | | | 50.000 | | 50.000 |
| 4. | Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти | тековно | Општина Крива Паланка | | | 100.000 | | 100.000 |
| 5. | Поддршка на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | тековно | Општина Крива Паланка и училиштата | | | 20.000 | | 20.000 |
| 6. | Реконструкција и уредување на отворени спортски терени и дворни места во училиштата | По утврдени приоритети | Општина Крива Паланка | | | 70.000 | | 70.000 |
| 7. | Манифестации организирани од основните и средните училишта по разни поводи | тековно | училишта | | | 20.000 | | 20.000 |
| 8. | Организирана посета на културно-историски настани во градот | тековно | училишта | | | 20.000 | | 20.000 |
| 9. | Учество на општината во партнерски проекти | тековно | Општина Крива Паланка | | | 50.000 | | 50.000 |
| 10. | Обезбедување на училишни објекти | јануари | Општина Крива Паланка | | | 1.800 000 | | 1.800 000 |
| | СЕ ВКУПНО денари | | | | | 2.928.000 | | 2.928. 000 |

## IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

-обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,

-зголемување на можностите за професионална ориентација,

-истражување поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл) и застапеноста меѓу учениците,

-анализа на податоците на ученици кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.

## V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 2528/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.11.2017 год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска**